

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ИНСТИТУТ

2024-2028 ГОДИНА

декември 2023 година

# СОДРЖИНА

1. Мисија на Парламентарниот институт........4

2. Визија на Парламентарниот институт ........4

4. Извршување, следење и оценување ........4

5. Стратешки цели........5

6. Матрица на стратешки цели ........6

**Почитувани,**

**Парламентарниот институт опстојува како суштински дел од Службата на Собранието во улогата да обезбедува информации за законодавната власт.**

**Ние, со гордост им служиме на пратениците во подршка на извршувањето на нивните надлежности врз принципите на непристрасност, објективност и навременост.**

**Нашиот тим го сочинуваат професионални службеници, кои обезбедуваат услуги на иновативен, ефикасен и етички начин во инклузивна работна средина каде се вреднувани и ценети.**

**Стратешки цели на Парламентарниот институт за периодот 2024-2028 се: Информиран законодавен дом, Собранието за сите, Дигитален парламент и Современ Парламентарен институт.**

**Остварувањето на приоритетите ќе биде поддржано од модерна електронска и информатичка инфраструктура.**

**Следење над спроведувањето на стратешките приоритети ќе биде постојано, преку годишни извештаи.**

**Парламентарниот институт останува посветен на своите законски обврски да го зајакне законодавниот и надзорен аналитичко-истражувачки капацитет на Собранието.**

**Златко Атанасов**
**Раководител на Парламентарниот институт**

## 1. Мисија на Парламентарниот институт

Обезбедување навремени, непристрасни, објективни и достапни услуги и информации за законодавната власт.

## 2. Визија на Парламентарниот институт

Професионален истражувачки и едукативен центар кој обезбедува објективни, висококвалитетни и иновативни истражувања и услуги за пратениците и за останатите корисници, со што придонесува во зајакнување на законодавната и надзорната функција на Собранието и промовира култура на отвореност на законодавниот дом кон граѓаните.

## 3. Вредности на парламентарниот институт

- Интегритет - ние сме чесни, етични, почитувани, независни, објективни и професионални.
- Отчетност - ние сме одговорни пред институцијата, корисниците на нашите услуги и едни кон други.
- Учење - ние постојано учиме и го пренесуваме нашето знаење.
- Иновации - ние сме иновативни и се стремиме да создадеме подобра иднина.
- Корисници - фокусирани сме на потребите на корисниците на нашите услуги.

## 4. Извршување, следење и оценување

Следењето на извршувањето на Стратешкиот план 2024 - 2028 ќе се врши постојано во рамките на Парламентарниот институт преку раководните структури на редовни месечни генерални колегиуми на ниво на Парламентарниот институт, како и секторски и тематски координативни состаноци.

Врз основа на овој Стратешки план, Парламентарниот институт ќе предлага Годишен план на активности до членовите на Управувачкиот совет, во согласност со член 42 од Законот за Собранието.

Трошоците за целите и активностите ќе се обединуваат во придонесот на Собранието кон буџетскиот циркулар за планирање на трошењата на буџетските корисници во согласност со Законот за буџетите и Законот за Собранието.

Во рамки на воспоставената институционална структура Парламентарниот институт ќе поднесува годишен оперативен и финансиски извештај до членовите на Управувачкиот совет.

## 5. Стратешки цели

Стратешкиот план 2024 - 2028 година поставувува 4 стратешки цели за остварување на мисијата на Парламентарниот институт:

### I. ИНФОРМИРАН ЗАКОНОДАВЕН ДОМ

- Изработени и споделени точни и објективни истражувања и анализи за пратениците
- Обезбедени услуги за едукација и информирање на законодавниот дом
- Обезбедени современи архивски, библиотечни, референтни услуги и пристап до податоци

### II. СОБРАНИЕТО ЗА СИТЕ

- Промовирање на култура на отвореност
- Вклученост и информираност на сите категории граѓани

### III. ДИГИТАЛЕН ПАРЛАМЕНТ

- Отвореност и достапност на услугите на Парламентарниот институт
- Дигитализација на податоци и статистика

### IV. СОВРЕМЕН ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

- Вмрежен центар за истражување, информирање и едукација
- Екипираност, просторно сместување и зајакнување на административните капацитети

## 6. Матрица на стратешки цели

| СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ | | ВРЕДНОСТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТИГНАТ ОД 2024-2028 ГОДИНА |
|---|---|---|
| **1.** | **ИНФОРМИРАН ЗАКОНОДАВЕН ДОМ** | |
| **1.1** | **Изработени и споделени точни и објективни истражувања и анализи за пратениците** | |
| | | 100% одговорени барања за информации од пратениците во бараниот рок |
| | | 400 изработени истражувања и анализи по барања на пратеници |
| | | 500 изработени и споделени анализи и истражувања по сопствена иницијатива |
| | | 100% достапни материјали во електронска форма преку “е-парламент” и на “рмс” системот |
| | | 30% од пратениците во пратеничкиот состав, корисници на услугите на ПИ |
| **1.2** | **Обезбедени услуги за едукација и информирање на законодавниот дом** | |
| | | 20 Едукативни настани за пратеници |

| | | |
|---|---|---|
| | | 20 настани за собраниската служба |
| | | 10 настани за асистентите на пратеничките групи |
| | | 5 настани за асистенти на пратеници во канцелариите за контакт со граѓаните |
| | | 30 волонтери во Парламентарниот институт |
| | | 20 нови едукативни материјали |
| **1.3** | **Обезбедени современи архивски, библиотечни, референтни услуги и пристап до податоци** | |
| | | Дигитализација и достапност на 2 милиона документи од законодавната архива заклучно со 2024 |
| | | 34.000 наслови од книги на располагање за законодавниот дом и пребарливи во софтверот за е-библиотека |
| | | 250 корисници на библиотечни услуги и читалницата на ПИ со 5 промотивни настани за библиотека |
| | | 50 нови проактивни тематски истражувања (референтен материјал) |
| | | Реорганизација на просторното уредување и локациско распоредување на библиотечниот фонд |
| | | 4 бази на податоци достапни за служба и пратеници (службен весник, академика, праксис и де јуре) |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **СОБРАНИЕТО ЗА СИТЕ** | |
| **2.1** | **Отвореност на Собранието кон јавноста** | |
| | | 35.000 посетители низ зградата на Собранието преку 500 отворени денови |
| | | 10 “Детски парламент” за основни училишта со 900 учесници |
| | | 10 “Семинари” за средни училишта со 300 учесници |
| | | 10 “Имам став” за средни училишта со 500 учесници |
| | | 20 “Семинари” за наставници од основно и средно образование со 600 учесници |
| | | 2 отворени фамилијарни денови на Собранието со вкупно 200 учесници |
| | | 25 настани за одбележување на поводи и значајни датуми |
| | | 10 информативни и едукативни материјали наменети за јавноста |
| | | 5 тркалезни маси за претставници на граѓанските организации |
| | | 100 проактивни постови на социјалните мрежи и веб страна |
| | | 5 програмски содржини со собранискиот тв канал |
| | | 3 Парламентарен караван-мобилен парламент за директна комуникација на |

| | | |
|---|---|---|
| | | пратеници со граѓани |
| **2.2** | **Вклученост и информираност на сите категории граѓани** | |
| | | 5 едукативни настани наменети за лица со хендикеп во соработка со ИППГ |
| | | 5 нови материјали на Брајово писмо и во аудио формат |
| **3.** | **ДИГИТАЛЕН ПАРЛАМЕНТ** | |
| **3.1** | **Отвореност и достапност на услугите на Парламентарниот институт** | |
| | | 90 % од времето, функционалност на хардверската и софтверска опрема ( е-виртуелна тура, е-едукативен квиз, е-семинари, е-обуки, е-регистрација, е-библиотека, е-архива, рмс и хардверска и серверска опрема) |
| | | Промоција, пристап, користење на сите софтверски системи внатре и спрема јавноста |
| **3.2** | **Дигитализација на податоци и статистика** | |
| | | Изработен регистар на регулаторни тела основани од Собранието |

| | | |
|---|---|---|
| | | Изработка на апликација за дигитализација на мандатни и годишни извештаи и статистика. |
| | | Обезбедени 16 софтверски лиценци за превод и 19 лиценци (Canva pro: 9 лиценци, Power bi pro: 1 лиценца, Adobe creative cloud for teams all apps: 4 лиценци, Sound forge pro 365: 3 лиценци, Microsoft Visio plan: 2 лиценци, Zoom standard pro: 1 лиценца, Kahoot и лиценца, Autocad 1 лиценца) |
| | | Дигитализирање на регистарот на донесени закони и подзаконски акти (првично организирање по електронски папки со можност за развој на специјализиран софтвер) |
| | | Дигитализација на видео архива на Собранието |
| | | Развој и надградба на софтверски решенија |
| **4.** | **СОВРЕМЕН ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ** | |
| **4.1** | **Вмрежен центар за истражување, информирање и едукација** | |
| | | 2 заеднички истражувачки работи со истражувачки служби на други парламенти |
| | | 5 меморандуми за соработка со академски и граѓански организации |
| | | 50 вработени учесници на настани на ЕЦПРД, ИФЛА, ИПУ, ИПЕН, ИЦА и Меѓународниот форум на центрите на посетители |
| | | 2 настани во рамки на меѓународни организации организирани од Собранието како домаќин |

| | | |
|---|---|---|
| **4.2** | **Екипираност, просторно сместување и зајакнување на административните капацитети** | |
| | | Пополнување на сите празни работни позиции во Парламентарниот институт |
| | | Нови простории за вработените во Парламентарниот институт |
| | | 10 корисници на Швајцарската програма за стипендирање |
| | | 25 корисници на обуки за доусовршување |
| | | Покривање на сите работни процеси со ИСО процедура или со правни акти (упатства и правилници) |